Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
Бр.-Nr. 37-1128/3
24 03 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Орган на државна управа (назив) | Министерство за култура |
| Изработил (име, презиме и функција) | Нада Пешева , Координатор за еднакви можности |
| Период на известување | 01.01.2021- 31.12.2021 |
| Датум на поднесување на извештајот | |

Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност

Датум, ___________________

Име и презиме:
Министер за култура
Бисера Костадиновска-Стојчевска

Потпис

(Одговорно лице во органот на државна управа)

Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика

___________________

Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)

Потпис

| 2. | НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ: |
|---|---|

| |
|---|
| 2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)<br>А) Позитивни<br>Б) Охрабрувачки<br>В) Програмски |
| 2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):<br>- Број на финансирани проекти со родова тематика и број на поддржани проекти чија носителки се жени<br>2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])<br>/ |
| 2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот |

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

## 3. НАВЕДЕТЕ ГИ ПРЕЗЕМЕНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**

1. Во заложбите за натамошна промоција на културните политики, Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија и Министерството за култура ја донесе Националната стратегија за развој на културата во Република Македонија 2018-2022 година (Службен весник на РМ бр 81/18), во натамошниот текст: Националната стратегија. Иако во Националната стратегија принципот на еднакви можости не е директно вклучен во стратешките цели и приоритети, овој стартешки документ се раководи од визијата за демократски, плурален, секуларен, слободен, динамичен, рамномерен и одржлив културен развој заснован на рамноправен пристап и учество, како и на одговорно и ефикасно раководење, поаѓајќи од уверувањето дека правото на култура е основно и неприкосновено човеково право. Националната стратегија е основен стратегиски документ за областа на култура, како за работа на Министерството за култура така и за други субјекти кои делуваат во полето на културата. Националната стратегија поаѓа од јасно определена визија за развој на културата во Република Македонија и од основната мисија што треба да ја спроведува Министерството за култура во периодот 2018 - 2022 година. Исто така, Националната стратегија утврдува општи и поединечни цели, кои произлегуваат од согледување на состојбите во културата во претходната деценија. Националната стратегија за развој на културата во Република Македонија во период од 2018 – 2022 година се раководи од визијата за демократски, плурален, секуларен, слободен, динамичен, рамномерен и одржлив културен развој заснован на рамноправен пристап и учество, како и на одговорно и ефикасно раководење, поаѓајќи од уверувањето дека правото на култура е основно и неприкосновено човеково право.

Поаѓајќи од потребата за градење силна и стабилна демократија, општите цели на Стратегијата е да се овозможат еднакви културни права за сите, и да се создадат услови за негување на слободата и разноликоста на творештвото и на културните идентитети.

Стратегијата предвидува овозможување на културни можности за секого:

- Да се поттикнуваат уметничкото творештво, културниот развој, образованието и креативниот потенцијал;
- Да се негуваат уметничката извонредност, експеримент и иновација;
- Да се овозможи достапност и учество во културните процеси;
- Да се вложува во развојот на публиката и на културните потреби на граѓаните.

Културен капитал, разновидност, соработка:

- Да се афирмира културата како клучен економски, социјален и политички капитал и фактор што го шири демократскиот јавен простор;
- Да се негуваат македонскиот јазик, јазиците на заедниците и интеркултурната комуникација;

- Унапредување на заемното разбирање, дијалогот и рамноправната вклученост на ранливите и маргинализираните групи во културната продукција и во социо-културниот живот, со што културата ќе се презентира како фактор на општествена кохезија и трансформација;
- Да се обезбеди заштита, управување и вреднување на културното наследство во согласност со современите европски практики;
- Да се зајакне независниот културен сектор како важен социокултурен чинител;
- Да се развиваат регионалната и меѓународната културна соработка врз принципите на партнерство и размена.

2 Превземање иницијатива за стимулирање на мерките за родово-буџестко финансирање во годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2021 година

Согласно Националната сратегија, врз база

Предвидените средства во Буџетот на Министерствоото за култура за 2021 година се во рамки на Програма 72–Мултидисциплинарни програми, а согласно објавениот Конкурс за финансирање на проекти од национален интерес за 2021 година, и *Пријавата за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа интердисциплинарната дејност за 2021 година*, каде што влегува и категоријата *„Интердисциплинарни проекти“* (*Подготовка и реализирање на проекти кои содржат активности од различни области на уметноста или интеракција на активности од областа на уметноста и од други дејности, како, на пример: уметност и наука, уметност и технологија, уметност и родови политики, уметност и образование итн* ), се во износ од 21.400.000 денари, додека вкупната реализација во 2021 година на овие средства за П*рограмата 72-Мултидисциплинарни програми*, изнесува 20.835.270 денари.

Оваа програма е остварување на дел од стратешките насоки и приоритети зададени во Националната стратегија, потчно приоротет 4.8 Независен културен сектор како еден од клучните фактори во создавањето на новите модели на практикување на културата. Со остварување на овој приоритет, се планира стратегиското партнерство меѓу Министерството за култура и независниот културен сектор како катализатор и поврзувач на државните и на јавните интереси со сите други аспекти на културниот идентитет.

Имено, Минстерството за култура на 08 октомври и 2020 година врз основа на член 62 од Законот за културата, во печатените весници и на својата веб-страница ги објави Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година по дејности и области. Во овој конкурс кој инаку се однесува на финансирање на седум (7) дејности од областа на културата, се поттикнува на финансирање на проекти кои вклучуваат учесници од социјално ранливи категории, лица со посебни потреби, едукативни проекти за деца и млади и проекти наменети за лица со посебни потреби и сл.

Во пријавата за *Интердисциплинарни проекти* наведено е дека може да се аплицира за *Трансдициплинарни проекти*, категорија 3, а под точката 3.1 Подготовка и реализирање на трансдициплинарни проекти (комбинација

на уметост и други дејности, како на пример: уметност и наука и технологија, уметност и родови политики, уметност и неформални образовни формати и сл), а во општите приоритети покрај поддржување на лица со посебни потреби и социјално-ранливи категории е наведено дека ќе се поддржуваат и проекти кои третираат општествени теми со важност за заедницата. Врза база на конкурсната пријава, корисиците на средства можат да поднесат проекти во кои се обработваат и теми кои ги опфааат интрференцијата на културата/уметноста и родовите политики, во кои секако влегуваат позицијата на жените во повеќе области во општеството, кое секако пфаќа и поширок апсект на делување, но и позицијата на припадниците на ЛГБТ заедницата.

3.*Внесување на родова статистика*

Културата е особено важна во градењето на гледиштата, промената на свеста и однесувањето на сите граѓани. Затоа, вклучувањето на родовата перспектива во сите аспекти на културата е од круцијално значење за зголемување на учеството на жените во културата и нивно соодветно вреднување, за што првично е потребно зголемување на финансиската поддршка за проекти водени од жени, особено проекти кои се фокусираат на родовите идентитети и родовата еднаквост. Тука влчегива и зголемен фокус на промоција и поддршка на културни настани со фокус на родот, како и поддршка и промоција на жени-авторки во литературата и уметноста. За креирање на соодветни мерки и практики, од основно значење е собирањето релевантни податоци и нивна анализа.

За таа цел, Министерството за култура во конкурсните формулари по дејностите кои се финансираат со Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година, воведе графа во која подносителот на проектоте треба да наведе број на мажи, жени и други (трансродови) лица кои учествуваат во проекто, Преку оваа активност, за прв пат може да добијат точен увид за процентот на учество на жени како подносителки/носителки на проекти, наспроти мажи.

4. *Подршка на самостојни уметници преку Конкурсот за доделување месечни надоместоци на самостојните уметници за 2021 година*, со што на подржаните уметници им се доделуваат надоместоци за подмирување на придонесите за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за данокот на личен доход на самостојните уметници. Согласно конкурсните критериуми, Министерството за култура во 2021 година од вкупно 135 поддржани самостојни уметници, има поддржано 49 жени-самостојни уметнички, што преставува 36,2 % од вкупната бројка на самостојни уметници.

**3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

Целта на иницијативата е да се поддржуваат проекти кои ја обработуваат интереференцијата на уметноста/културата и родовите и социјалните политики и тематики од областа на позицијата на жената другите и маргинализрани лица во општеството (лица во социјален ризик, ранливи категории на граѓани, припадници

на сексуалните сексуалните малцинства и други). Показател за успешност е број на финансирани и спроведени пр0оекти од страна нкорисницоте на средства кои најчесто доаѓаат од независниот сектор во култура,а чии што проекти и активности во последните години имаат голем одзив од публиката

Во однос на реализација на проектите од точка 2 индикатори се бројот на реализирани Интердисциплинарни проекти, поточно од категоријата Трансдиciплинарни проекти . Како резулата на оваа новина во 2021 година од вкупно одобрените проекти, Од вкупно одобрените 60 проекти, жени-носителки на проектите се вкупно 22 (двесет и две), од кои физички лица се 5 (пет) а правни субјекти 17 (седумнаесет,) за кои беше распределен буџет во износ од 6.143.050 денари. Од нив 8 (осум) проекти имаат содржина која целосно или делумно третира теми од областа на родовите политики,а кои не се нужно трансдисциплинарни пректи со вкупен доделен буџет 3.77.000 денари.

| **Поддржани проекти чии носители се жени од Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2021 година Програма 72-Интердисциплинарни проекти** | | | |
|---|---|---|---|
| реден бр. | Назив/име на учесникот на конкурсот | Наслов на проектот | Одобрен износ |
| 1 | Здружение на жени ромки „Есма" | „Развој на медиумската култура кај Ромите" | 63,000 |
| 2 | Српски културно информативен центар Спона - Скопје | „Летен фестивал за деца и м,лади 2021" | 180,000 |
| 3 | ЗЛУКР Арт Еквилибриум, Гевгелија | „БОШ Фестивал - Јадро" | 400,000 |
| 4 | Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културара | „Интердисциплинарна програма на Локомотива" | 800,000 |
| 5 | ИД - Концепт консалтинг и дизајн (издаваштво Чудна шума) | „Децата и планините" | 100,000 |
| 6 | Здружение за Изведувачки уметности Интимен театар Битола | „Жени" | 200,000 |
| 7 | Студио Приватен принт | VR studio | 250,000 |
| 8 | Здружение на граѓани за промоција на женските активности Тиииит!Инк- Скопје | Деветто издание на Фестивалот на феминистичка култура и акција „Прво па женско" | 325,000 |
| 9 | Здружение за промоција на култура, уметност, материјален и духовен развој Центар за креативни инддустрии - Небо, Суводол | „Демир Хисар низ боите и звуците на уметноста" | 103,700 |
| 10 | ЗГ контрапункт | КРИК - фестивал за критичка култура06: Рационалност, солидарност, критика, искуства на слободата и отпорот | 900,000 |
| 11 | Сара Анастасовска | Културниот поткаст на Сара и Мартин | 85,000 |
| 12 | Елена Пренџова | Осовременувајќи ја Сирма војвода во урбан контекст | 76,350 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13 | Дашурије Абдула | Мултитаск Интерактивни Ѕидови (МИЅ) | 500,000 |
| 14 | Здружение на граѓни за помош и поддршка на лица со Даунов синдром Трисомија 21 - Скопје | Работен наслов: „Можеме и повеќе" | 150,000 |
| 15 | Зарије Јонузи Челику | Шизиците од моето одделение - Аудио Книга | 80,000 |
| 17 | Здружение „Пурпура" - Тетово | „Уметноста, јазикот со кој зборуваме сите" | 280,000 |
| 18 | Еурека Културен Центар | СОЕДИНУВАЊЕ Инклузија, танц, уметност | 200,000 |
| 19 | Ивана Мирчевска | Медиум Пукнатина (работен наслов) | 150,000 |
| 20 | ФЛАГЕЛУМ - Здружение за едукација, еднакви можности, лобирање и застапување на лица со посебни потреби, Скопје | Млади истражувачи | 250,000 |
| 21 | Установа од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО", Скопје / КСП ЦЕНТАР-ЈАДРО | Годишна програма на „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО" | 800,000 |
| 22 | ДООЕЛ Терапија | ТЕРАПИЈА: Креирање заеднички простор за развој на независна културна и клупска сцена | 250,000 |
| | **Вкупно** | | **6,143,050** |

**Проекти кои делумно третира области од родова политика во своите програми - Годишна програма за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2021 година Програма 72-Интердисциплинарни проекти**

| реден бр. | Назив/име на учесникот на конкурсот | Наслов на проектот | Одобрен износ |
|---|---|---|---|
| 1 | Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата | „Интердисциплинарна програма на Локомотива" | 800,000 |
| 2 | Здружение за Изведувачки уметности Интимен театар Битола | „Жени" | 200,000 |
| 3 | Здружение на граѓани за промоција на женските активности Тиииит!Инк-Скопје | Деветто издание на Фестивалот на феминистичка култура и акција „Прво па женско" | 325,000 |
| 4 | ЗГ контрапункт | КРИК - фестивал за критичка култура 06: Рационалност, солидарност, критика, искуства на слободата и отпорот | 900,000 |
| 5 | Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ Скопје/ Коалиција МАРГИНИ Скопје | Фестивал за квир култура, уметност и теорија Викенд на гордоста Скопје 2021: Квир заедничкото: Политики на пријателството љубовта и афектите (СВП) | 150,000 |
| 6 | ЈАДРО - Асоцијација на независната културна сцена | МОДЕЛИ НА ЈАВНО-ЦИВИЛНИ ПАРТНЕРСТВА: НОВ БРАН НА КУЛТУРНИ ПОЛИТИКИ И ПРАКТИКИ ЗА КО-УПРАВУВАЊЕ СО ЗАЕДНИЧКИТЕ ДОБРА | 600,000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Установа од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО", Скопје / КСП ЦЕНТАР-ЈАДРО | Годишна програма на „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО" | 800,000 |
| | Вкупно | | 3,775,000 |

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)**

-Зголемен интерес за темата од институциите и граѓанските организации преку поднесени проекти со родова тематика

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**

/

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Соработка со социјални партнери и невладини организции активни и на полето на еднаквите можности на мажите и жените, е остварување на дел од стратешките насоки и приоритети зададени во Националната стратегија, поточно приоритет 4.8 Независен културен сектор како еден од клучните фактори во создавањето на новите модели на практикување на културата. Тој опфаќа децентрализирани форми и силна, самоорганизирана култура надвор од постојните културни институции. Исто така, независниот сектор има влијание врз критичкото промислување на културата и во евалуацијата на одлучувачките процеси во културните политики. Европските културни практики говорат за клучно учество на независниот културен сектор во сите сегменти во културата на локално и на централно ниво.

Основање одделение за развој и финансирање на современи независни интермедијални и интердисциплинарни културни и уметнички практики при Министерството за култура и издвојување на буџетска ставка за развој на интердисциплинарни современи културни и уметнички практики е е ден од приоритетите дадаени точката 4.8.2 од стратегијата.

Во програмата за интердисциплинарн проекти се опфаќаат проекти во кои се директно вклучени и родовите политики и родовите принципи и тоа: Мултидисциплинарни проекти (сложени проекти со паралелни активности во различни уметнички дејности, кои не се нужно меѓу себе тематски поврзани, Интердисциплинарни проекти (сложени проетки кои обработуваат една тема со активности или комбинација и комбинација на активности и пристапи од повеќе уметнички дејнсот и социокултурни области), Трансдисциплинарни проекти, (комбинација на уметност и други дејности , како на промер: уметност и наука и технологија, уметност и родови политики, уметност и неформални образовни

формати и слично), Нови модели на јавни простори во културата (развој на нови модели на јавни простори во културата и поддршка на работата на постојни јавни простори во културат кои дејствуваат интердисциплинарно).

Основната намена на оваа програма е да се поттикне финансирањето на проекти кои одстапуваа од досегашната традиционална поделба на уметничките сфери. Министерството за култура од конкурсниот циклус за 2018 година, воведе целосно нова конкурсна апликација за интердисциплинарни проекти, со што ја демонстрира и во пракса заложбата за приклучување на македонската култура кон современите и иновативни светски трендови во културата.

Министерството за култура покрај, спроведувањето на програмата за фин финансирање и поддршка на *Интердисциплинарни проекти*, препознава дека работењето на еднаквоста честопати претполага имплементација на различни стратегии во дефинирање и ре-дефинирање на улогата на мажите и жените, и го отвора прашањето на начинот на кој жените и мажите ги разбираат културните и историските настани. Секоја политичка, интелектуална, религиозна, економска социјална интервенција и промена има различни импликации на животот на жените и мажите и оттаму и на севкупниот развој на општествата (права на деца, права на еднородни семејства ,работнички права и слично) Поаѓајќи од ваквото разбирање, во изминативе години покрај *Интердисциплинарните проекти*, Министерството за клтура, преку музејски установи, поддржува и инцијативи за промоција на научно-истражувачки проекти и проекти од обласата на музејската и дејност (НУ Музеј на македонската борба) Пр. улогата на жените низ војните низ вековите и/или во описите на творештвата на одредени познати историски ликови итн.

НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ

РОДОВА ЗАСТАПЕНОСТ ВО МУЗЕЈСКАТА ПОСТАВКА:

Во последниве години во РСМ и нтензивно се работи на унапредување на родовата еднаквост преку застапување за развој и примена на јавни политики за постигнување еднакви можности за жените и мажите, социјална инклузија и почитување на правата на жените. Преку закони и различни документи се делува на јакнење на знаењата, вештините и способноста за идентификување и одговор на специфичните потреби на Македонија во поглед на родовата нееднаквост. Активностите на одредени граѓански здруженија промовираат културата на родова еднаквост и не дискриминација, промовираат одговорно, транспарентно и отчетно владеење на полето на родовата еднаквост и правата на жените, го зајакнуваат и поддржуваат женскиот активизам, интензивираат јавни дебати, дијалози и соработка за прашањата поврзани со родовата еднаквост и правата на жените. За тоа зборува и долгиот список на документи од обласата на родовата рамноправност и недискриминација. Сепак жените и 100 години после Клара Цеткин и Роза Луксембург жените во РСМ сеуште чувтсвуваат дека немаат еднакви можности и дека нивната застапеност на различни функции и третманот на нивните работни места не се на задоволотилно ниво.

НУ Музејот на македонската борба за самостоност во постојаната музејска поставка има преставување на жените низ историјата (ајдутки, илинденки и партизанки) и нивната улога во даден историски период.

РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТ „ЖЕНСКИ ПРИКАЗНИ“

Проектот „Женски приказни“ замислен да се одвива во континуитет од 2020 г, со цел организирање на серија од настани, преку кои ќе се претставaт успесите на жени кои живееле во Македонија од почетокот на 20 век, па се до денес. Проектот зборува за надминувањето на бариерите и предрасудите од тој вид, за жени кои се одважиле да ги поместат и личните и општествените граници. За надминувањето на бариерите и предрасудите од тој вид, за жени кои се одважиле да ги поместат и личните и општествените граници, беа посочени следниве примери Рајна Алексова (1889-1952), првата жена фармацевт во Македонија и на Балканот, Роса Плавева (1878-1970, социјалистка, борка за женски права Калипсо Налча (1915 – 1987), пијанистка, актерка, првата жена диригент во Македонија.

НУ Музејот на македонската борба во својата музејска колекција има лични предмети од неколку иториски женски ликови – поетесата Светлана Христова Јоциќ, оперската пејачка Милка Ефремова и др.

**4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**

*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

- Преку буџетот на Министерството за култура се финансираат 64 национални установи. Од 64 именувани директори/ки во националните установи од областа на културата за кои е надлежно Министерството за култура 23 се жени, а 41 се мажи, што во процент изнесува 40% именувани жени на раководни позиции, наспроти 60% мажи ( заклучно со 07.02.2022). Во Управните одбори на 64 национални установи и една агенција, во кои Министерството за култура има именувано 21 жена претседателки, 42 мажи претседатели од вкупно 65.Вкупен број на именувани лица во управните одбори (состојба со 03.02.2022) се 224 лица (претседател и членови), од нив 99 се жени, а 125 се мажи.
- Во Националните установи заклучно со 02 месец 2022 година утврдено е дека вкупниот број на вработени лица изнесува 3.038, од кои мажи се 1.558 лица (51.28 %), а бројот на жени е 1.480лица(48.72 %)
- Структурата на вработени лица во Министерството за култура по пол, образование, работна позиција (именувани, раководни, нераководни) и етничка пропадност изнесува:

| Македонци | ВСС | | ССС и ВШС | | ОО | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж |
| Раководни | 10 | 28 | | | | |
| Нераководни | 12 | 30 | 3 | 7 | | |
| **Албанци** | **ВСС** | | **ССС и ВШС** | | **ОО/** | |
| | м | ж | м | ж | м | ж |
| Раководни | 6 | 3 | | | | |
| Нераководни | 16 | 9 | | 1 | | |
| **Турци** | **ВСС** | | **ССС и ВШС** | | **ОО** | |
| | м | ж | м | ж | м | ж |
| Раководни | | 1 | | | | |

| Нераководни | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Срби** | **ВСС** | | **ССС и ВШС** | | **ОО** | |
| | м | ж | м | ж | м | ж |
| Раководни | | 1 | | | | |
| Нераководни | 1 | 3 | 1 | | | |
| **Власи** | **ВСС/ ASP** | | **ССС и ВШС** | | **ОО** | |
| | м | ж | м | ж | м | ж |
| Раководни | | 1 | | | | |
| Нераководни | | 2 | | | | |
| **Бошњаци** | **ВСС** | | **ССС и ВШС** | | **ОО** | |
| | м | ж | м | ж | м | ж |
| Раководни | | | | | | |
| Нераководни | | | 1 | | | |

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**

*б.1) База на податоци за програмскиот дел (опфат на корисници по пол и род) изготвена за проектите кои се финанисираат во 2021 година, во која се води издвојуваат носителоте на проектите по пол/род.*

Во Конкурсните обрасци за финанирање на проекти од национален интерес за 2021 година е воведена таква графа со цел воведување на родова статистика при подржаните проекти/програми во 2021 година, со цел понатамошно утврдување на мерки за подобрување на учеството на лица по пол и род. Во обрасците беа воведени графите по пол/род за подносителот на проектот и тоа машко, женско и други.

Врз основа на обработените конкурсни пријави се собрани следните податоци од поддржаните проекти со Годишната програма за 2021 година, за бројноста на носителите на одбрените проекти по пол/род од обласа на заштитата на културното наследство, меѓународната соработка и дејностите од обласа на културата, и тоа:

- Музејска дејност и заштита на нематеријално културно наследство:

| МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ И ЗАШТИТА НА НЕМАТЕРИЈАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО – **носители на прифатени проекти на други буџетски корисници, здруженија на граѓани и поединци-физички лица во 2021** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| пол - проекти | други корисниц и | здруженија и нво | поединци - физички лица | Број | % |
| машки | 9 | 42 | 12 | 63 | 60.6% |
| женски | 2 | 32 | 7 | 41 | 39.4% |
| друго | 0 | 0 | 0 | 0 | 0.0% |
| ВКУПНО | 11 | 74 | 19 | 104 | 100% |

| забелешка: кај здруженијата во 4 проекти се јавуваат по двајца осители/раководители на проектот | |
|---|---|

- Библиотечна дејност :

| БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ - **носители на прифатени проекти на други буџетски корисници, здруженија на граѓани и поединци - физички лица во 2021** | | |
|---|---|---|
| пол | број | % |
| машки | 8 | 25.81% |
| женски | 23 | 74.19% |
| Друго | 0 | 0% |
| ВКУПНО | 31 | 100% |

- **Недвижно културно наследство и заштита на аудиовизуелните добра:**

| НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО И ЗАШТИТА НА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ ДОБРА – **носители на прифатени проекти на други буџетски корисници, здруженија на граѓани и поединци-физички лица во 2021** | | |
|---|---|---|
| пол - проекти | број | % |
| машки | 57 | 65 |
| женски | 30 | 34 |
| друго | 1 | 1 |
| Вкупно | 88 | 100 % |

- Меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО:

| МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО – **носители на прифатени проекти на други буџетски корисници, здруженија на граѓани и поединци-физички лица во 2021** | | |
|---|---|---|
| пол | број | % |
| машки | 51 | 27% |
| женски | 48 | 25% |
| непознато | 92 | 48% |
| ВКУПНО | 191 | 100% |

- **Драмска дејност**

| ДРАМСКА ДЕЈНОСТ- **носители на прифатени проекти на други буџетски корисници, здруженија на граѓани и поединци-физички лица во 2021** | | |
|---|---|---|
| пол | број | % |
| машки | 38 | 58% |
| женски | 27 | 42% |
| друго | 0 | 0% |
| ВКУПНО | 65 | 100% |

- Музика и музичко-сценска дејност и музичките фестивали:

| МУЗИЧКА И МУЗИЧКО СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ И МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛИ - носители на прифатени проекти на други буџетски корисници, здруженија на граѓани и поединци-физички лица во 2021 | | |
|---|---|---|
| пол | број | % |
| машки | 171 | 61% |
| женски | 111 | 39% |
| други | 0 | 0% |
| ВКУПНО | 282 | 100% |

- Фолклор, фолклорни манифестаци и фестивали:

| **ФОЛКЛОР, ФОЛКЛОРНИ МАНИФЕСТАЦИ И ФЕСТИВАЛИ - носители на прифатени проекти на други буџетски корисници, здруженија на граѓани и поединци-физички лица во 2021** | | |
|---|---|---|
| **пол** | **број** | **%** |
| машки | 123 | 92% |
| женски | 11 | 8% |
| други | 0 | 0% |
| **ВКУПНО** | **134** | **100%** |

- **Интердисциплинарни проекти**

| ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНИ ПРОЕКТИ **- носители на прифатени проекти на други буџетски корисници, здруженија на граѓани и поединци - физички лица во 2021** | | |
|---|---|---|
| пол | број | % |
| машки | 38 | 63% |
| женски | 22 | 37% |
| други | 0 | 0% |
| ВКУПНО | 60 | 100% |

- **Визуелни уметности, архитектура и дизајн**

| ВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ, АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН**- носители на прифатени проекти на други буџетски корисници, здруженија на граѓани и поединци - физички лица во 2021** | | |
|---|---|---|
| **пол** | **број** | **%** |
| машки | 114 | 63% |
| женски | 68 | 37% |
| други | 0 | 0% |
| **ВКУПНО** | **182** | **100%** |

*б.2) Други бази на податоци*

Министерството за култура со цел постигнување на стартешка цел 2.11.4

Родово сензитивни културни работници и установи од Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026, започнува со формирање на база на податоци за бројноста и присуство на жени авторки во колекциите на националните установи од културата од областа на музејската и галерската дејност и тоа, жени – авторки во колекциите на современа уметност и присуство на историски женски личности како дел од историските и други колекции во надлежност на музејските установи. Податоците ќе бидат презентирани во Годишниот извештај за спроведување на еднаквите можности во Министерството за култура за 2022 година

*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ:

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**

Согласно текстот на Стратегијата за Родова еднаквост 2021-2026, која е во процедура на усвојување од страна на Собранието на Република Северна Макеоднија, Министерстевото за култура треба да спроведе активности со цел постигнување на Специфичната цел 2.11 Унапредувањ е на родовата еднаквост во културата и тоа преку реалзација на точките 2.11.1 Зголемено учество на жените во културата, 2.11.2. Повидливи родови прашања во културните настани, во издаваштвото и на полето на културата, 2.11.3 Промоворани авторки во книжевноста и 2.11.4 Родово сензитивни стручни работници и културни институции

Опишете според:

**а) Постигнати резултати:**

Воведување на родова статистика согласно точка 2.11.1 со добивање на точен број на носители на проектите од годишните конкурси по пол/род за Годишната програма за 2011 година. Имено согласно добиените податоци од пријавите на носителите на прифатените проекти во 2011 година в Годишните конкурси бз издсвачка дејност, мажи се носители на 663 проекти, а жени се носителки на 381 проект, 92 носители не се изјасниле, а само еден (1) на проект носител заокружил друго, што значи 58% од носителите на проектите се мажи, 34 % од носителите на проектите се жени, 8% е непознато, со што Министерството за култура за прв пат располага со официјална бројка и процент на носители на проекти по пол/род.

**б) Реализирани активности:**

- Воведување на графа во проектните апликации за годишните конкурси за 2021 година и 2022 година, за прв пат, со цел да се добие јасна престава за носители на проектите по рол/род.

- Воведување на посебен приоритет „*Поттикнување на литературното творештво на жени авторки од Република Северна Македонија*“ во Пријавата за проект од областа на литературата и издавачката дејност од Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на литературата и издавачката дејност за 2022 година

**в)Индикатори:**

-Број на реализирани проекти од страна на жени/мажи

- Број на реализирани проекти со родова тематика

**г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства:**

- 3.77.000 денари

**5.2 Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?**

- Не се предвидени ни како посебни работни места со актот на систематизација.

**5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?**

**Дали тие во обуките се јавиле како:**

а) слушатели

б) обучувачи

**5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:**

**а) координаторот за еднакви можности**

Координаторот за еднакви можности Нада Пешева (назначена од Министерот за култура со допис бр. број 04-7981/2 од 04.07.2018) ги следеше и следено следните обуки/дебати/работилници

- Онлајн состанок на 1 март 2021 година, во 13 часот на платформата ZOOM, на работната група за подготовка на Национална стратегија за родова еднаквост 2021-2026;
- Онлајн дебата: „Предизвици за родовата рамноправност при донесувањето одлуки“", 9 април 2021, ЦРПМ, Скопје;
- Тркалезна маса за проширување на извештајот на UN WOMAHнасловен како "Буџетски избори во време на пандемијата:Унапредување на родовата еднаквост или враќање назад", ZOOM платформа 11 мај, 14.30-16.00 часот (High Level Roundtable Expanding on UN Women's report entitled "Budget Choices in a Time of Pandemic: Advancing Gender Equality or Holding It Back?, ZOOM, 11 May, 14:30-16:00 CET;
- Учество на технички состаноци и работилници за употреба на Упатствата за подготовка на стратешките планови, со цел зајакнување на капацитетите на административните службеници за креирање на родово одговорни стратешки планови, во рамки на проект „Унапредување на

институционализацијата на РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во Северна Македонија" подржан од UN-Women, на 02 септември , 14.00 часот, ZOOM платформа;

- Учество на обука „Менторска поддршки за министерства/државни институции за примена на Родово одговорно буџетирање во секторски програми и развој на родово буџетски изјави, за работната група за Родово буџетски изјави во Министерство за култура, 19 јули 2021, 13.00 часот на Zoom платформа;
- Учество на работилница „Одржливите цели за развој на ОН (ADGs) и нивното рефлектирање во секторските политики", во рамки на проектот „Унапредување на институционализацијата на РОБ преку системска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во РСМ", спроведен од МТСП во рамки на проектот на UNWOMEN „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во РСМ", 29 ноември 2021 година, Клуб на пратеници, Скопје;
- Регионална конференција на ЕРА за учеството на ЛГБТИ луѓето во политиката во земјите од западниот Балкан и Турција, 14-15 декември 2021, зоом платформа ( ERA Regional Conference on Political Participation of LGBTI People in the Western Balkans and Turkey, ERA - LGBTI Equal Rights Association for the Western Balkans and Turkey)

**5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашиот ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете:**

Стекнатите знаења од извршение обуки ќе бидат пренесени при планирање и следење на програми за родово-одговорно буџетирање и стсратеѓко пламирање планирање, за одредување на родови индиикатори при следење на програмите во соработка со одговорните лица од Одделението за стратешко планирање, креирање политики и следење како и со членовите на работната група за родово одговорно буџетирање.

**5.6. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ?**

На дискусиите во Собранието на Република Северна Македонија на Комисијата за еднакви можности Координаторката за еднакви можности има истакнато дека со цел успешно спроведување на Законот за еднакви можностои, е потребно да се назначи координатор/ка и заменик координатор/ка за еднакви можнсоти како посебно работно место во рамки на систематизацијата на ОДУ.. Истото е потенцирани и на средбите и состаноците во текот на изработката на Националната стратегија за родова еднаквост (2021-2026)

**5.6. Колку од тие иницијативи биле успешни?**

-Во текстот на Националната стратегија за родова еднаквост (2021-2026) во делот за Институционални механизми за родова еднаквост е наведено дека потребна е систематизација на работното место Координатор/ка за еднакви можности, со што би се унапредите надлежностите и авторитетноста на позицијата во институциите, локалната самоуправа и другите структури, што е дел од стратешкиите цели и активности од Нацрт-Националниот оперативен план за родова еднаквост (2021-2023).

## 6.ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

**6.1 Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале**

Во рамките на Годишната програма за остварување национален интерес во културата на Минстерството за културата до 2020 година немало пракса за воспостанување родова статистика за одобрени /поддржани проекти. Затоа во Конкурсните обрасци кои се поднесуваат за финансирање на проекти од национален интерес за 2021 година е воведена таква графа за полова/родова структира на поднесителиоте на проектите со цел утврдување на квантитативни индикатори (родова статистика) за број и процент на поддржани програми во 2021 година.

Истата графа е повторно вградена и во конкурсните пријави при распишување на Годишните конкурси за 2022 година, без опцијата други. Предизвик беше воведувањето на ваква графа, и секако собирањето на податоците кои се доставуваат со пријавите, а кои не секогаш беа целосно дадени од страна на поднесителиоте на проектите, заради нивни лични сваќања.

**6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса**

/

**6.3.Наведете примери за научени лекции**

- Воведувањето на графа за родовата статистика преку конкурсните пријави

## 7. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:

**7.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

- Воспоставување соработка со UN WOMAN, и останати органзции и здруженија на граѓани кои ги обработуиваат родовите прашаеа, и подобрување на соработката со Министертвото за труд и социјална политика ,

- Поголемо вклучување на родовата перспектива во работата на Министерството за култура и спроведување на обуки за националните установи од областа на културата, за воведувањна родови сензитоивни програми;

- Поопширна имплемнетација на Стратегијата за родова еднаквост (2021-2026)

откако ќе биде усвоена;
- Утврдување на квантитативен индикатор (родова статистика) за број и процент на поддржани програми во 2022 година;
- Утврдување на застапеност на жени авторки преку уметнчки дела во колекциите кои се сопственост на установите од областа на културата, како и застапеност на жени кои се историски личности во музејските колекции и поставки во националните установи од областа на културата.

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:

8.1. **Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

- Механизмите за родова еднаквост можат да бидат поефикасни доколку се воведе посебно работно место–Координатор/Заменик-коордонатор за еднакви можности во ОДУ,
- Взаемно утврдување на квантитаивни и квалитативни родови индикатори кои се потребни за анализа на програмите и од областа на културата во надлежност на Министерството за култура, кои се потребни при изрdeboка на Стратaшките планови и Годишните програми за работа, согласно утврдена метологија до страна на Владата на РСМ;
- Спроведување на обуки за националните установи од културата за изработка на родово-сензитвни програми.

**б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Имплементацијата на дел од од стартешките цели и приоритети дадени во текстот на Националната стратегија за родова еднаквост (2021-2026), во Минисстератвото за култра е веќе започната во 2021 година, преку спроведување на дел од активностите со цел спроведување на стратешките приоритети дадени во точка *2.11. Унапредувањ е на родовата еднаквост во културата* и тоа точките *2.11.1 Зголемено учество на жените во културата*, и *2.11.2. Повидливи родови прашања во културните настани, во издаваштвото и на полето на културата*, иако постапката за усвојување на Националната стратегија за родова еднаквост (2021-2026) од страна на Собранието на РСМ е во тек. Имплементацијата на стратешките цели може да се подобри по усвојувањето на овој документ, како и Националниот стратешки план за родова еднаквост (2021-2023), за што е пожелно да се воведе во пракса позачестена координација меѓу Министерството за култура и Министерството за труд и социјална политика.